Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

**Архивски број: 10-5638/2**
**Датум: 29.09.2020 година** 30-09-2020

**До: Фондацијата Македонија презент – Скопје**
**Ул.Костурски херои Бр.35**

**Предмет: Предмет: Одговор на предлог иницијатива на Фондацијата Македонија презент - Скопје**

Со допис бр. 43-8442/1 од 17.09.2020 година, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Сектор за анализа на политиките и координација – Одделение за соработка со НВО, од Министерството за труд и социјална политика побара да се произнесе за релевантноста и прифатливоста на Вашата Предлог иницијатива со наслов „Културно – информативен центар за деца со посебни потреби" доставена на објавен јавен повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвување на Програмата за работа на Владата за 2021 година.

Имајки во предвид дека на Предлог иницијативата стратешки приоритет е поддршка, инклузија и рамноправност на децата со посебни потреби преку активност и содржини на културен и информативен план кои ќе се реализираат преку заеднички Културно-информативен центар кој ќе ги информира, организира и едуцира децата со посебни потреби од град Скопје и целата Република, Министерството за труд и социјална политика Ве известува за следното:

Системот на социјална заштита во Република Северна Македонија, континиурано се унапредува преку спроведување на низа реформски процеси во социјалната заштита и социјалното вклучување на ранливите групи, со воведување на нови принципи и методи на работа за развивање и унапредување на социјални услуги, имајќи ги во предвид општествениот контекст, социјалните проблеми и социјалните ризици на кои се изложени граѓаните. Реформските процеси се спроведуваат со вклучување на сите засегнати страни во насока на обезбедувањето и развојот на социјалните услуги согласно принципите на деинституционализација, децентрализација и плурализција. Во унапредувањето и развојот на социјалната заштита од големо значење е партиципативното учество на сите чинители кои можат да дадат придонес во подобрување на состојбата на граѓаните изложени на социјален ризик поради што, Министерството за труд ги поддржува сите релевантни органи и институции, како и граѓански здруженија и

Република Северна Македонија

**Министерство за труд
и социјална политика**

социјални партнери кои третираат прашања од областа на социјалната заштита, а особено прашања од областа на заштита на правата и интересите на децата.

Со оглед дека Вашата Предлог иницијатива се однесува на формирање на Културно-информативен центар кој ќе ги информира, организира и едуцира децата со посебни потреби што ќе придонесе за нивно рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина преку учество во активности и содржини на културен и информативен план, Министерство за труд и социјална политика ја поддржува Иницијативата на Вашето здружение за формирање на Културно-информативен центар за деца со посебни потреби.

Со почит,

**Министер**
**Јагода Шахпаска**

Изработил: Д. Аслани
Котролирал: м-р С. Л. Здравковска
Одобрил: Софија Спасовска